Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 04.07.2023

Вчера (03.07.2023), во периодот од 09.20 часот до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода И.Ч.(26) од гостиварска Топлица и Е.Ф.(22) и Ј.М. (18) од гостиварски Добридол. Тројката се сомничат дека во изминатиот месец извршиле шест кривични дела „тешка кражба" и „кражба" во три објекти во неготинскиот регион, а дополнително одзеле и три електрични тротинети. Одземените тротинети се пронајдени и ќе им бидат вратени на нивните сопственици, додека осомничените се задржани и против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 03.07.2023 во 21.20 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.И.(25) од Скопје, бидејќи кај него биле пронајдени и одземени семки од канабис. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.07.2023 во 21.00 часот на Полициската станица Гази Баба, А.В.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" бил каснат од куче скитник.

На 03.07.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.П. пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" бил каснат од куче скитник.

На 03.07.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Аеродром, Г.М.(49) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (04.07.2023) во Скопје од полициски службеници од тим Потраги од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар лишен од слобода е Е.О. (66) од Скопје. За него била распишана централна потерница, по претходно издадена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, со која се барал за издржување казна затвор, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело по член 130 ст.2 од Кривичниот законик. Лицето е предадено на полициски службеници во Полициска станица Центар за понатамошна постапка, по што ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 03.07.2023 во 21.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово во село Отља, липковско, ги лишиле од слобода О.О.(19) и О.М.(21) од Сингелиќ, скопско, осомничени за фалсификување пари. Имено, при контрола кај нив биле пронајдени 450 фалсификувани евра. Двете лица биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 03.07.2023 година во 22.00 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид извршија контрола на патничко возило „БМВ" со охридски регистарски ознаки, паркирано на улицата „Будва" во Охрид во кое биле К.Н.(21) од Охрид и П.А. од Австралија. При прегледот полициските службеници кај К.Н. пронајдоа и одзедоа марихуана по што веднаш беше приведен, а П.А. е повикан во полициска станица. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.07.2023 година околу 12.00 часот, И.Ц.(48) од Кичево во полициска станица пријави дека на улицата „Димитар Влахов" во Кичево, неговата малолетна ќерка била каснат од куче скитник. Истиот ден, Н.А.(34) од Кичево пријави дека неговиот малолетен син, на улицата „Партизански одреди" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Ј.(33) од кичевското село Лешница, поради постоење основано сомнение за сторено казнено дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен во близина на угостителски објект, на регионалниот пат Кичево-Македонски Брод, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа марихуана.

Денеска (04.07.2023) во 03.00 часот Д.С.(22) од с.Петровец, скопско, пријавил дека околу 00.10 часот на раскрсницата кај с.Идризово, скопско, бил физички нападнат од М.С., Б.С. и М.С., сите од с.Петровец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Г.Д.(45) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „неовластено ловење, чување и отуѓување на диви животни и птици" и „неовластено изработување, держење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјал". На 01.04.2023, по извршен претрес во куќа и помошни простории на пријавениот, пронајдени и одземени се месо од дивеч – срна, од извршен улов во месец јануари во с.Крушица, додека во неговото возило „шаран" пронајдени се и одземени пиротехнички средства.

На 03.07.2023 во 14.00 часот З.Д.(43) од Скопје, пријавил дека на 30.06.2023 околу 14.15 часот на патот за с.Горно Нерези, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, тој и неговиот колега Ј.Б.(41) од Скопје биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2023 во 22.20 часот во СВР Тетово Д.Г.(47) од гостиварско Тумчевиште пријавил дека во близината на селото неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 03.07.2023 во 14.12 часот било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар, Б.Т.(36) од Скопје физички го нападнал својот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.07.2023 во 11.30 часот во СВР Тетово Х.И.(34) од тетовски Бродец пријавил дека на улица „ЈНА" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 03.07.2023 во 19.45 часот во СВР Куманово, Ј.П.(62) од Куманово пријавил дека на крстосница помеѓу булеварот „Трета македонска ударна бригада" и „Тоде Мендол" врз него паднал светлосен сообраќаен знак - семафор. Случајот е документиран и известена е надлежната институција.

На 03.07.2023 во 17.10 часот било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Центар, едно лице со закана од вработената одзело сума на пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2023 година од 07.00 до 12.00 часот, при преземени сообраќајни контроли во Струга и Кичево, полициските службеници затекнале и санкционирале 8 возачи кои извршиле престигнување на непрегледни места, каде со сообраќаен знак тоа е забрането (Струга-06, Кичево-02).

На 03.07.2023 во 16.33 часот во СВР Скопје од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со повреда на подлактицата од залутано зрно била донесена Н.Ј. (42) од с.Крушопек, скопско. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против З.С.(31) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено казнено дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Партизански одреди" во Кичево, кај него е пронајдена и одземена марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет